## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија” бр. 98/08, 145/10, 104/13, 187/13, 43/14, 160/14, 97/15, 148/15 и 64/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 23 март 2020 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ СО ПРАВОСИЛНА ПРЕСУДА НА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна пресуда на Општина Валандово бр. 09-1169/2 од 20.3.2020 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 44-2427/1
23 март 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.